Уп. бр. 08-158

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Скопски Пазар, акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7, Скопје преку полномошник Јосиф Филиповски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 25.11.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Скопски Пазар, акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7, Скопје има намера да стекне единствена контрола директно над Друштвото за производство трговија и услуги ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје,со седиште на Ул.Џон Кенеди бр.2/2-3 Скопје, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 07.11.2025 година, а дополнето на 11.11.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Скопски Пазар, акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7, Скопје со која Скопски Пазар АД ќе стекне единствена контрола директно над Друштвото за производство трговија и услуги ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје,со седиште на Ул.Џон Кенеди бр.2/2-3 Скопје,

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и

прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Скопски Пазар АД** се занимава со организирање на зелени пазари во градот Скопје и издавање на деловни простории на територијата на Република Северна Македонија. Скопски Пазар управува со повеќе зелени пазари со капацитет од преку 2500 продажни места – тезги. Дополнително истиот располага со деловен простор претежно наменет за изнајмување на други корисници со вкупна површина од околу 50.000 квадратни метри.

Скопски Пазар АД има едно поврзано друштво - Друштвото за производство, трговија и услуги ДЕЛТА ИНВЕСТ 14 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Лондонска бр. 6 во Скопје-Карпош и со дејност - изнајмување и управување сос опствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (друштвото е основано во 2025 година)

ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје е фабрика за производство на кабел и ПВЦ Гранулат. Линиите за производство на фабриката произведуваат кабел исклучиво само со чисти бакарни проводници. Максималниот капацитетет на производната опрема за производство на кабел е 4х25 квадрати, додека за едножилен кабел е 1х240 квадрати. Производните линии се опремени со дополнителни сензори кои овозможуваат да се елиминира шкартот, а да се зголеми квалитетот на самиот производ.
Целното друшво има регистрирано една подружница на територијата на Град Скопје која претставува производствен погон за производство на електрични кабли - Друштво за производство, трговија и услуги ОНЕ КАБЛЕ Ф Ј ДОО Скопје – Подружница Производствен погон Сарај – Скопје, со адреса ул. Глумово, Глумово – Сарај, со приоритетна дејност - производство на други електронски и електрични жици и кабли.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**